Врз основа на чл. 7 и 36 ст.1 т.1 од Законот за Локалната Самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/02) чл.14 ст.1 т.41, а во врска со чл.102 од Статутот на Општина Крива Паланка- пречистен текст („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр.08/10) Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 24.12.2010 година, донесе

# Статутарна одлука
## за измена на Статутот на Општина Крива Паланка

**Член 1**

Во Статутот на Општина Крива Паланка, Глава VIII **"Јавни трибини, анкети, и предлози на граѓаните"** се менува и гласи:
**„VIII Јавни трибини, анкети, предлози на граѓаните и форуми на заедницата "**

**Член 2**

По член 80 се додава нов член

Член 80-а

Градоначалникот и Советот на Единицата на локалната самоуправа Крива Паланка по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во единицата на локалната самоуправа, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите опишани во претходниот став од овој член може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на единицата на локалната самоуправа.

Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува до градоначалникот на единицата на локалната самправа, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на единицата на локалната самоуправа одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник што го донесува советот на единицата на локалната самоуправа по предлог на градоначалникот."

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на Општина Крива Паланка.

Бр.07-4545/41
24.12.2010 год.
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Миле Милковски,с.р.